**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.08-382**
**25.12.2023 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 82 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 62 став 6 од истиот Закон, членови 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија", бр.172/14, 76/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.204/23), член 51 став 1 и став 3 и член 52 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.124/15), член 28 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.96/19), Записникот за извршениот стручен надзор арх.бр.03-4518/1 од 05.12.2023 г., постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-382 од 07.12.2023 г. за покренување постапка за одземање и Предлогот Уп1 бр.08-382 од 22.12.2023 г. за донесување одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-4741/2 од 25.12.2023 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 42-та седница одржана на 25.12.2023 г. донесе

# ОДЛУКА
## за одземање на дозволата за радио емитување на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 г. на Приватната високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, поради тоа што имателот на дозволата подолго од 30 дена од денот на започнување со вршење на дејноста, утврден во дозволата, не ги исполнил техничките и просторните услови што ги понудил во постапката за доделување на дозволата, односно просторните и техничките услови на радиодифузерот не се во согласност со понудените просторни и технички услови во постапката за доделување на Дозвола Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 г., кои се наведени во Образецот бр.2 кој е составен дел на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г. и тоа: нема акустички обработен студиски простор – студио согласно критериумите пропишани во член 3 и 4 од Правилникот; нема просторија за режија согласно критериумите пропишани во член 5 и 6 од Правилникот; нема просторија за редакција (просторија за новинари, просторија за управител или главен уредник и просторија за сместување на техничко – информатичката опрема) согласно критериумите пропишани во член 7 од Правилникот и не поседува уреди за регулирање на квалитетот на сигналот согласно член 8 од Правилникот, како и дека радиодифузерот не поседува: вентилација; уред за 60 дневно снимање на програма; уред за непрекинато напојување и главна техничка опрема.
2. Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.
3. Оваа Одлука е конечна.

О б р а з л о ж е н и е

Приватната високообразовна установа (ПВУ) Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, е имател на дозвола за радио емитување, Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 г., кој емитува програма преку радиофреквенција, на регионално ниво, за подрачје D1 Црн Врв – подрачје на регионално ниво Скопје (град Скопје и општините Чучер Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани и Сопиште), програмски сервис наменет за студентската популација, на македонски јазик.

Согласно член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата.

Основните технички услови, стандарди и параметри се пропишани во глава III од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија“, бр.172/14, 76/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.204/23).

Во член 3 од предметниот правилник, пропишано е дека секое радио кое планира на својот програмски сервис да продуцира говор и/или музика во живо или одложено од своите простории, мора да има акустички обработен студиски простор – студио. Заеднички параметри за студијата се: студиото треба да биде акустички обработено и изолирано од надворешната бучава (со цел да нема интерференција на звукови); и задолжителна употреба на вентилација или климатизација (се препорачува централна климатизација/вентилација).

Во член 4 од цитираниот Правилник е пропишано дека студиото или просторот за снимање или емитување најави, вести, изјави, коментари, интервјуа, разговори, трибини, собири, читање текстови и слични говорни информации треба да ги задоволува следниве критериуми: површината на акустички обработената просторија не смее да биде помала од 9 $m^2$; ако е предвидено во студиото истовремено да присуствуваат повеќе од две лица, површината на просторијата треба да биде зголемена за најмалку 2$m^2$ по лице; минималната висина на акустички обработениот простор треба да изнесува најмалку 2,6 m.

Согласно член 5 од цитираниот правилник, просторија за режија е просторија во која со помош на електронски и електроакустички уреди се води, подготвува или произведува програма со говорна или музичка содржина и се извршува контрола на звукот и на излезниот сигнал. Секое радио задолжително мора да поседува просторија за режија. Просторијата за режија мора да ги исполнува следниве критериуми: површината на просторијата после акустичката обработка да изнесува најмалку 10$m^2$, со висина на обработениот простор од најмалку 2,6 m; обликот на просторијата се препорачува да биде правоаголен или трапезоиден. Поради стереофонијата потребно е да се обезбеди просторна и акустичка симетрија; просторијата за режија треба да биде акустички обработена и изолирана од надворешната бучава и во просторијата за режија да има задолжителна употреба на вентилација или климатизација. Доколку е предвидено во просторијата за режија истовремено да присуствуваат повеќе од две лица, површината на просторијата треба да се зголеми за најмалку 2$m^2$ по лице.

Режијата може истовремено да се користи и како студио, но опремата во режијата не треба да влијае на квалитетот на звукот. Во случај кога просторијата за режија се користи и како студио, потребно е да ги исполнува следниве критериуми: површината на просторијата после акустичката обработка да изнесува најмалку 15 $m^2$, со висина на обработениот простор од најмалку 2,6 m; и доколку е предвидено во просторијата студио/режија истовремено да присуствуваат повеќе од две лица, површината на просторијата треба да се зголеми за најмалку 2 $m^2$ по лице (член 6).

Секое радио за подрачјето за кое има добиено дозвола за одредено ниво на слушаност (државно, регионално или локално ниво) и кое планира на својот програмски сервис, освен претходно снимени содржини од друга продукција, да емитува и сопствена програма продуцирана во живо или одложно, мора задолжително да поседува: просторија за редакција (просторија за новинари); просторија за управител или главен уредник и просторија за сместување на техничко-информатичката

опрема. Редакцијата и просторијата за управител или главен уредник, можат да бидат споени во една просторија (член 7).

Во член 8 од цитираниот Правилник, пропишано е дека аудио сигналот мора да биде пренесуван најмалку во стереофонична техника, освен кога се работи за историски материјали снимени монофонично. Секој радиодифузер треба да поседува метод за регулација на висината и динамиката на тонот.

Согласно член 82 став 1 алинеја 3 од ЗАВМУ, Агенцијата за аудио и аудиовизелни медиумски услуги (Агенцијата) ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку imателот на дозволата подолго од 30 дена од денот на започнување со вршење на дејноста, утврден во дозволата, не ги исполнил техничките, просторните, финансиските и кадровските услови што ги понудил во постапката на доделување на дозволата, а врз основа на извршен стручен надзор согласно со членот 30 од овој закон.

Во постапката за доделување на дозвола, радиодифузерот - ПВУ Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, поднесе Пријава за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г.), и понуди технички и просторни услови наведени во Образецот бр.2 кој е составен дел на Пријавата.

Советот на Агенцијата на 19-та седница одржана на 15.06.2023 г., донесе Одлука Уп1 бр.08-187 од 16.06.2023 г., за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, наменет за студентската популација, на македонски јазик, на регионално ниво, зона на распределба D1 Црн Врз – подрачје на регионално ниво Скопје (град Скопје и општина Чучер Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани и Сопиште), на кандидатот, правното лице ПВУ Универзитет СКОПЈЕ – Скопје. Радиодифузерот се обврза да започне со вршење на дејноста најдоцна до 10.10.2023 година.

Согласно член 30 од ЗАВМУ, стручниот надзор над радиодифузерите се врши од страна на лица вработени во стручната служба на Агенцијата, по претходно овластување од Советот на Агенцијата, а само заради утврдување на исполнувањето на техничките услови во согласност со дозволата за телевизиско или радио емитување. Стручниот надзор се врши само во рок од 30 дена од истекот на триесетиот ден од денот на започнувањето со вршење на дејноста утврден во дозволата за телевизиско или радио емитување, како и при промена на локацијата на просториите во кои се произведува програма (студија) или при проширување со нови студиски простории.

На 05.12.2023 г. овластени лица за вршење на стручен надзор од Секторот за информатичка поддршка и општи работи извршија стручен надзор во просториите на ПВУ Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, заради утврдување на исполнувањето на техничките и просторните услови во согласност со Образецот бр.2 кој е составен дел на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г. За извршениот стручен надзор составен е Записник арх.бр.03-4518/1 од 05.12.2023 г., во кој констатирано е дека техничките и просторните услови на радиодифузерот не се во согласност со понудените технички и просторни услови во постапката за доделување на Дозволата Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 г. (во Образецот бр.2 од Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г.). За наведеното, овластените лица за вршење на стручен надзор до директорот на Агенцијата доставија Известување за извршен стручен надзор арх.бр.03-4518/2 од 06.12.2023 г., со предлог да се преземе мерка за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 г. на радиодифузерот.

Во член 23 став 1 алинеја 3 од ЗАВМУ е утврдено дека доколку се констатира непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти, донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, давателот на аудиовизуелни услуги по барање, давател на услуга платформа за споделување видеа или операторот на јавни електронски комуникациски мрежи кои врши реемитување на програмски сервиси, Советот на Агенцијата може да преземе мерка - одземање на дозволата.

Постапката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, согласно член 83 став 1 од ЗАВМУ ја покренува Советот по предлог на директорот на Агенцијата.

Со оглед на утврдената фактичка состојба, дека техничките и просторните услови на наведениот радиодифузер не се во согласност со понудените технички и просторни услови во постапката за доделување на Дозволата Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 г. (во Образецот бр.2 кој е составен дел на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г.), што е спротивно на член 62 став 6 од ЗАВМУ и членовите 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, Директорот на Агенцијата, врз основа на член 83 став 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 82 став 1 алинеја 3 од истиот Закон, до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.08-382 од 07.12.2023 г. за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ПВУ Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ.

Советот на Агенцијата на 39-та седница одржана на 12.12.2023 г., согласно Заклучокот, арх. бр.02-4550/2 од 12.12.2023 г., го усвои Предлогот, Уп1 бр.08-382 од 07.12.2023 г., за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ПВУ Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, даден од страна на Директор на Агенцијата.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата на ПВУ Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 г., а согласно член 82 став 1 алинеја 3 од ЗАВМУ, Агенцијата до наведениот радиодифузер испрати Известување (Уп1 бр.08-382 од 12.12.2023 г.), во кое му беше укажано дека доколку веднаш не ги усогласи просторните и техничките услови со понудените просторни и технички услови во постапката за доделување на дозволата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-382 од 07.12.2023 г., ќе донесе Одлука за одземање на неговата дозвола за радио емитување, по што согласно член 85 став 2 од ЗАВМУ, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери.

Известувањето Уп1 бр.08-382 од 12.12.2023 г., беше испратено до ПВУ Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, во писмена форма и истото беше уредно примено на 13.12.2023 г.

На 18.12.2023 г., до ПВУ Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, беше испратено Известување арх.бр.03-4518/3 од 18.12.2023 г., во кое меѓу другото е наведено дека Агенцијата на 21.12.2023 г., со цел да постапи согласно своите законски обврски, ќе изврши контролен надзор во просториите на радиодифузерот, за да се утврди дали законските недостатоци кои биле констатирани со стручниот надзор извршен на 05.12.2023 г., се отстранети, односно дали техничките и просторните услови се во согласност со Образецот бр.2 кој е составен дел на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г. Известувањето за контролен надзор е уредно примено на 18.12.2023 г.

Во согласност со член 83 став 3 од ЗАВМУ, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на Директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

На 21.12.2023 г., овластените лица за вршење на стручен надзор извршија контролен, по службена должност, надзор врз радио програмскиот сервис на ПВУ Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, при што констатираа дека и покрај дадениот рок за усогласување на работењето, наведениот радиодифузер не ги усогласил просторните и техничките услови со понудените просторни и технички услови во постапката за доделување на дозволата наведени во Образецот бр.2 кој е составен дел на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г., како и условите за радио програмски сервиси (радио) – Основни технички услови, стандарди и параметри од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, и тоа: нема акустички обработен студиски простор – студио согласно критериумите пропишани во член 3 и 4 од Правилникот; нема просторија за режија согласно критериумите пропишани во член 5 и 6 од Правилникот; нема просторија за редакција (просторија за новинари, просторија за управител или главен уредник и просторија за сместување на техничко – информатичката опрема) согласно критериумите пропишани во член 7 од Правилникот и не поседува уреди за регулирање на квалитетот на сигналот согласно член 8 од Правилникот. Исто така, при извршениот надзор беше констатирано дека радиодифузерот не поседува: вентилација; уред за 60 дневно снимање на програма; уред за

непрекинато напојување и главна техничка опрема. Како доказ за погоре наведеното, во прилог на Писмениот извештај за извршен надзор арх.бр.03-4752/1 од 22.12.2023 г., беа доставени фотографии од извршениот контролен надзор на лице место.

Со оглед на фактот дека имателот на дозволата ПВУ Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 г., и во рок од 15 (петнаесет), од денот на приемот на Предлогот Уп1 бр.08-382 од 07.12.2023 г., од страна на членовите на Советот на Агенцијата, не ги усогласи просторните и техничките услови со понудените просторни и технички услови во постапката за доделување на дозволата наведени во Образецот бр.2 кој е составен дел на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г., директорот на Агенцијата, достави Предлог Уп1 бр.08-382 од 22.12.2023 г., по кој Советот на Агенцијата врз основа на член 82 став 1 алинеја 3 и член 83 став 3 од ЗАВМУ, а согласно Заклучокот на Агенцијата, арх.бр.02-4741/2 од 25.12.2023 г., донесе Одлука со која се одзема дозволата Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 г. за радио емитување на ПВУ Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, затоа што имателот на дозволата подолго од 30 дена од денот на започнување со вршење на дејноста, утврден во дозволата, а врз основа на извршен стручен надзор согласно со членот 30 од ЗАВМУ и извршениот контролен надзор согласно член 27 став 5 од истиот Закон, не ги исполнил техничките и просторните услови што ги понудил во постапката за доделување на дозволата, односно просторните и техничките услови на радиодифузерот не се во согласност со понудените просторни и технички услови во постапката за доделување на Дозвола Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 г., кои се наведени во Образецот бр.2 кој е составен дел на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г.

Согласно член 84 од ЗАВМУ, Одлуката за одземање на дозвола за радио емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука за одземање на дозволата, Приватната високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Приватната високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ;
- Директорот на Приватната високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ;
- Агенција за електронски комуникации.
- Секторот за информатичка подршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;